Црвен крст на Република Северна Македонија
Red Cross of The Republic of North Macedonia

InCARE

Co-funded by the European Union

# БАРАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ЗА МОНИТОРИНГ АЛАРМ УРЕДИ ЗА СЕРВИС ИТНО КОПЧЕ

**Проект:** „Поддршка за инклузивен развој на услуги за долгорочна грижа во заедниците преку инкорпорирање на партиципативни пристапи на различни чинители" (InCARE)

**Општа цел:** Набавка и испорака на 60 аларм уреди за сервис Итно копче, најдоцна во рок од две недели по потпишувањето на договорот

**Рок на прибирање понуди**: 5 работни дена

**Начин на испорака:** Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса. Истиот е адресиран на ЦКРСМ-Архива, **НЕ ОТВАРАЈ** на бул. Кочо Рацин бр. 13, 1000 Скопје, со назнака за архивски број **0507-733/1**

## 1) Преглед на целите

Со зголемувањето на трендот на стареење на популацијата во Република Северна Македонија, побарувачката за интегрирани услуги за нега и поддршка за постари жени и мажи во моментов е многу поголема од понудата. Црвениот крст на Република Северна Македонија (ЦКРСМ) е национално признат, професионално искусен снабдувач на здравствена и социјална помош на постари мажи и жени на кои им е потребна помош. Сепак, ЦКРСМ истотака зависи од странската помош за да продолжи со клучната испорака на услуги за згрижување живот на постари жени и мажи со здравје и достоинство. Оваа зависност од помош е предизвик за обезбедување квалитетни услуги на долг рок.

Проектот „ Поддршка за инклузивен развој на услуги за долгорочна грижа во заедниците преку инкорпорирање на партиципативни пристапи на различни чинители" (InCARE), има за цел промовирање на партиципативни, иновативни и интегрирани пристапи кон долгорочна грижа развој на политика и услуги.

Проектот е финансиран од Европската комисија „ EaSI PROGRESS AXIS - Повик за предлози за социјални иновации и национални реформи за Долгорочна грижа - VP/2019/003 " Договор за грант за акција со повеќе корисници - број на договорот VS / 2020/0258 .

Како национален партнер за политики во проектот се вклучени Министерството за труд и Социјална политика (МТСП) и Министерството за здравство на Република Северна Македонија, како клучни засегнати страни во националниот пристап на политики и стратегии за овозможување на долгорочна нега и интегрирање на социјално иновативните услуги во системот.

Пилотирањето на сервисот на Итно копче преку проектот InCare, ќе биде насочен кон 50 изнемоштени постари лица кои живеат независно во своите домови и примаат домашна поддршка преку локалниот центар за нега, но чии потреби за нега се недоволно исполнети од тековната услуга.

Корисници изложени на ризик од неповолни ефекти и здравствени исходи, чии потреби за поддршка недоволно ги исполнуваат постојните услуги базирани во заедницата.

Итното копче ќе претставува 24/7 услуга, која корисниците од постарата популација ќе може да ја користат во своите домови, преку притискање на аларм уредот, предвиден да го носат на себе, секогаш кога ќе се најдат во состојба која што не е животозагрозувачка, но е доволно сериозна и има потреба од итност, прва помош и поддршка ( повреда, скршеници на екстремитети, случаен пад, крварење на рана, повреди при изгореници, итни медицински состојби, алергиски реакции и сл.). Преку уредите ќе бидат во можност да стапат во комуникација со Операторите од Контакт центарот, со што ќе добијат брз и ефикасен пристап до соодветна поддршка и помош, од страна на стручни лица и Спасители при Итен Случај на ЦКРСМ. ЦКРСМ ќе воспостави ефикасна услуга за Итно

Копче и истата е инспирирана од австриските и швајцарските искуства за ефикасно работење на услугите за грижа на постарото население.

1) **ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ПОНУДЕНИТЕ УРЕДИ**

- Заинтересираните ентитети- апликанти, потребно е да **доставaт документ со наведени технички спецификации кои ги содржат понудените уреди**.

2) **СЕРТИФИКАТИ ПОТРЕБНИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ЕНТИТЕТИ**

- За меѓународни ентитети- апликанти се бара да имаат производ развиен во земјите на ЕУ / ЕФТА и да обезбедат изјава за потекло на уредите од страна на апликантот на компанијата
- За меѓународни ентитети- апликанти задолжително е да се обезбеди ЕФТА / ЕУР. 1 сертификат

3) **СООДВЕТНИТЕ ЕНТИТЕТИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ СЛЕДНИВЕ УСЛОВИ:**

- Да станува збор за компанија во Република Северна Македонија или друга земја во Европа
- Да биде во можност да обезбеди фактура без данок на додадена вредност (ДДВ) според националните фискални правила
- Да биде во можност да изврши испорака на уредите во Република Северна Македонија
- Да бидат во можност да обезбедат сертификат за ЕУ потекло на аларм уредите, вклучително и гаранција за уредите од минимум 1 година

4) **КАКО ДА СЕ АПЛИЦИРА:**

Заинтересираните ентитети- апликанти потребно е да ги достават следните документи:

- Финансиска понуда за 60 аларм уреди со вклучени трошоци за нивна испорака
- Документ со технички спецификации на аларм уредите
- Прирачник/Упатство за функционирање и користење на аларм уреди
- Професионално портфолио на компанијата
- Уверение за регистрација од централниот регистар на компании
- За меѓународни апликанти се бара да имаат производ развиен во земјите на ЕУ / ЕФТА и да обезбедат изјава за потекло на добрата / услугата од страна на апликантот на компанијата

- За меѓународни апликанти задолжително е да се обезбеди ЕФТА / ЕУР. 1 сертификат

**5) НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ:**

- Исплатата ќе биде извршена од страна на ЦКРСМ, најдоцна до 14 дена по целосната испорака и пристигнување на уредите во Црвениот крст на Република Северна Македонија.